# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО“ - ПРАКТИКУМ ОД Д-Р МАРИЈА МАГДИНЧЕВА-ШОПОВА

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, како и врз основа на Одлуката број 2102-506/10 од 1.11.2017 година донесена на 178. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, избрани сме за рецензенти за подготвување на извештај - рецензија на ракописот со наслов „Современо претприемништво” - практикум од авторот доц. д-р Марија Магдинчева-Шопова, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. По прегледувањето на ракописот до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**: Ракописот за практикум со наслов „Современо претприемништво“ е подготвен според стандардната методологија за изработка на ракописи во согласност со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Исто така, обемот и содржината на ракописот ги задоволуваат критериумите и одредбите за бројот на часови според горенаведениот Правилник. Материјалот во овој ракопис е поделен на 10 (десет) тематски поглавја односно 10 (десет) вежби кои се предвидени за обработување на часовите по вежби на студентите по предметот Претприемништво и истиот содржи основни практични знаења за претприемништвото. Ракописот е наменет за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип на оние насоки кои според наставната програма го слушаат предметот Претприемништво. Во согласност со наставната програма, предметот Претприемништво како задолжителен предмет се слуша на насоките Бизнис логистика и Бизнис администрација во прв семестар во Гевгелија и во Скопје и изборен предмет во прв семестар на насоките Туризам, Хотелско-ресторанска насока и Гастрономија, исхрана и диететика во Гевгелија, Скопје и во Штип.

**Податоци за обем на ракописот**: Ракописот насловен како „Современо претприемништво” - практикум се состои од 30 страници кои се систематизирани во 10 (десет) тематски единици. Ракописот е пишуван во согласност со Упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма, односно во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонтот ариал, со големина на буквите 11.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**: Ракописот насловен како „Современо претприемништво” - практикум содржи квалитетни практични содржини кои ќе им биде од голема помош на студентите во учењето и совладувањето на наставните содржини по предметот Претприемништво. Фактот што ваков тип на ракопис односно практикум „Современо претприемништво” за првпат се објавува на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип само ја потврдува важноста на ракописот за студентите.

**Краток опис на содржината**: Со цел на полесен начин и да се олесни пристапот во учењето и совладувањето на наставната содржина на предметот Претприемништво, вежбите во овој ракопис се креирани да им овозможат на студентите да го применат стекнатото теоретско знаење во практична реализација. Секоја вежба е креирана во согласност со соодветното тематско поглавје од скриптата „Современо претприемништво”. Преку реализација на соодветната вежба, студентите имаат можност за практична разработка и дополнување на стекнатото знаење за соодветната тематска содржина. Реалниот пристап во креирањето на вежбите ги оспособува студентите за практично наоѓање на решенија во соодветни слични состојби во текот на реалното работење. Вежбите, исто така,

претставуваат начин и метод за поттикнување на отворени дискусии и активно учество на студентите во реализација на наставната содржина по предметот Претриемништво.

Вежба 1 - содржи прашања за основите и развојните процес на претприемништвото, а нејзиното успешно решавање бара реален пристап во изразување на размислувањата на студентите за откривање на потенцијалите на претприемништвото.

Вежба 2 - содржи прашања за општите услови за започнување со претприемничка активност, а нејзиното успешно совладување значи одговор на студентите за потребните предуслови во започнувањето со бизнис.

Вежба 3 - содржи прашања за проблематиката поврзана со изработка на бизнис планот и сите карактеристики и проблеми кои се поврзани со бизнис планот. Барањето на креативни и оригинални одговори од страна на студентите овозможува поттикнување на активно учество од нивна страна во совладување на наставната програма.

Вежба 4 - содржи прашања за сите аспекти за организациската форма основање на ново претпријатие. Одговорите на прашањата ќе им помогнат на студентите да донесат правилна одлука во изборот на соодветна организациска форма.

Вежба 5 - од содржински аспект се состои од повеќе прашања кои се поврзани со купувањето на постојно претпријатие. Успешното решавање на оваа вежба зависи од стекнатите теоретски знаења за организациската форма купување на постојно претпријатие.

Вежба 6 - се состои од група на прашања поврзани со фамилијарниот бизнис и најважните аспекти поврзани со овој претприемнички бизнис. Оваа вежба е од посебна важност за лицата кои имаат разработен фамилијарен бизнис.

Вежба 7 - од содржински аспект се состои од група на прашања преку чиишто одговори се објаснуваат основните аспекти на франшизата како еден вид изнајмување на бизнисот.

Вежба 8 - се состои од група прашања кои се поврзани со е-претприемничките бизниси како предизвик за идните претприемачи и одговор на современите глобализациски трендови.

Вежба 9 - од содржински аспект се состои од тематски прашања поврзани со современото претприемништво и предизвиците со кои се соочува современиот концепт на претпримништвото.

Вежба 10 - претставува целосен приказ на претпоставен бизнис од страна на студентите, како резултат на предходно решените вежби и стекнати теоретси знаења, односно развој на претприемничка идеја.

Како рецензенти на овој ракопис, цениме дека практикумот „Современо претприемништво" е напишан на соодветен разбирлив начин, не само за студентите туку и за сите субјекти кои имаат потреба од истиот, без разика на тоа дали се претприемачи од пракса или се обидуваат да бидат претприемачи. Ракописот е пишуван на македонски јазик и истиот може да се користи од страна на сите единици и субјекти на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Од содржински аспект и од аспект на обемност, овој ракопис ги задоволува барањата предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, како и критериумите и одредбите за бројот на часови според горенаведениот Правилник.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на гореизнесеното, може да се заклучи дека овој ракопис за практикум „Современо претприемништво” придонесува за проширување и надополнување на наставната содржина, а сето тоа во согласност со студиската програма и наставните програми за студентите на насоките Бизнис администрација и Бизнис логистика кои го слушаат предметот Претприемништво како задолжителен предмет и за студентите на насоките Туризам, Хотелско-ресторанска насока и Гастрономија, исхрана и диететика кои го слушаат предметот Претприемништво како изборен предмет, за кои ракописот е од посебна важност.

Конкретното и јасно презентирање на содржината во вежбите им го олеснува пристапот на студентите во совладување на практичните барања, ги подготвува за практично решавање на соодветни проблеми и активно учество во справувањето со реални бизнис ситуации.

Врз основа на гореискажаното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип со задоволство му предлагаме ракописот „Современо претприемништво”, од д-р Марија Магдинчева-Шопова, да биде прифатен како практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Кирил Постолов, редовен професор, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, с.р.**
**Д-р Мичо Апостолов, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика,Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**